**ОСНОВЕН СУД ОХРИД**

**Су.бр.03-249/20**

**30.12.2020 год.**

**Охрид**

Врз основа на одредбите од член 88 од Законот за Судовите , Претседателот на Основниот суд Охрид, Васил Баткоски,по претходно мислење на Седница на судиите од 25.12.2020 год.,на ден 30.12.2020 год., го утврди следниот:

# ***Р А С П О Р Е Д***

## ***ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИОТ СУД ОХРИД ЗА 2021 ГОДИНА***

Со распоредот за работа се одредуваат правата и обврските на Претседателот на судот, судиите и судската полиција, за успешно извршување на работните задачи што произлегуваат од надлежноста на судот, определени со уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори и конвенции.

Заложбите со распоредот за работа на Основниот суд Охрид, за 2021 година, се со расположивиот кадровски потенцијал и постоечките услови за работа да се постигнат што подобри резултати.

**СУДСКА УПРАВА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ**

Претседателот на судот го претставува судот, ја организира работата и превзема мерки заради навремено и уредно вршење на работите во судот, ја обезбедува примената на одредбите од Судскиот Деловник, превзема непосредни мерки за отстранување на слабостите и пропустите, се грижи за уредно, ефикасно и ажурно вршење на работите (работите на судската управа), изготвување, доставување и постапување по одлуките од работите на судската управа, ги испитува причините заради кои во определен рок не е закажан главен претрес или рочиште за главна расправа или е пречекорен рокот за изрекување, објавување и изработка на одлуката и превзема соодветни дејствија за отстранување на причините за тоа. Врши надзор на работата во специјализираните судски оддели на судот, писарницата и другите служби со преглед во уписниците, роковниците и другите помошни книги на постојната евиденција на предметите.

Претседателот на судот остварува постојан увид во работата на судот како целина и на вработените и превзема конкретни мерки да се спречи оддолжувањето на постапките, како и да се отстранат пропустите и недостатоците во работата на судот.

Претседателот на судот ќе ги извршува и останатите задолженија кои произлегуваат од законските прописи и Судскиот деловник.

**- ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ**

За заменик на претседателот на судот се определува судијата **БИЛЈАНА БЕЛЕВСКА ПРОЈКОСКА**.

Заменикот на претседателот на судот ги извршува задолженијата на претседателот на судот во време кога тој е отсутен или спречен во работата.

**- РАСПОРЕД НА ПРЕДМЕТИТЕ ПО ОДДЕЛИ**

За поуспешно остварување на обврските што произлегуваат од надлежноста на Основниот суд Охрид, се основаат  оддели и тоа: граѓански оддел , извршен оддел, вонпарничен оддел, оддел за работни односи, оддел за стопански спорови, оддел за платни налози, кривичен оддел, истражен оддел, оддел за малолетници и оддел за прекршоци ,

Распределбата на предметите по судии ќе се врши компјутерски , по АКМИС системот.

## -ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

**Претседател на Граѓанскиот оддел** ќе биде судијата **БОГОЈА СТРЕЗОСКИ** а негов заменик ќе биде судијата **ЕФТИМ ПОПЕСКИ.**

Во уписникот по парничните предмети (сопственички, надоместоци, владетелски, должничко - доверителски, семејни и други)-П1,П2,П4 и МАЛ.ВП. ќе постапуваат судиите: **БОГОЈА СТРЕЗОСКИ, ВЛАДО ДЕЈАНОСКИ, ИРЕНА ТРАЈАНОСКА и ЕФТИМ ПОПЕСКИ.**

Во уписникот по предметите за граѓанска одговорност(П5) ќе постапуваат судиите:**БОГОЈА СТРЕЗОСКИ , БЛАШКА РАДИНОСКА , ВЛАДО ДЕЈАНОСКИ , ЕФТИМ ПОПЕСКИ и ИРЕНА ТРАЈАНОСКА .**

Во уписникот по предметите по приговор против платни налози( ПЛ1-П,ПЛ1-ТС,МАЛПЛ1-П и МАЛПЛ1-ТС) ќе постапува судијата **БЛАШКА РАДИНОСКА** .

Во уписникот по предмети за признавање на странска судска одлука(ПСО)ќе постапуваат судиите:**ВЛАДО ДЕЈАНОСКИ,БОГОЈА СТРЕЗОСКИ,ЕФТИМ ПОПЕСКИ,СНЕЖАНА ЈАНЕВСКА ,ВУЛНЕТ ВИНЦА и ИРЕНА ТРАЈАНОСКА.**

Советот кој ќе одлучува по повод приговор поднесен против решение за признавање на странска судска одлука (ПСО1)го сочинуваат судиите:

**БОГОЈА СТРЕЗОСКИ**-Претседател на советот,

**ИРЕНА ТРАЈАНОСКА**-заменик,

Членови

**ЕФТИМ ПОПЕСКИ**

**ВЛАДО ДЕЈАНОСКИ**

Заменици-членови

**БЛАШКА РАДИНОСКА**

**СНЕЖАНА ЈАНЕВСКА**

Во уписникот по предметите за работни односи(РО) ќе постапува судијата **СНЕЖАНА ЈАНЕВСКА**,а во случај на отсуство поради спреченост или иземање ќе постапува судијата **БОГОЈА СТРЕЗОСКИ**.

Во уписникот за стопанските спорови во кои двете странки се правни лица или државни органи како и спорови од авторски и други сродни права и права од индустриска сопственост (ТС,МАЛ.ТС,ТС1,МАЛ.ТС.1)ќе постапува судијата: **ВЛАДО КРЛЕСКИ,** а во случај на негово отсуство поради спреченост или иземање ќе постапува судијата **ИРЕНА ТРАЈАНОСКА.**

По граѓанските замолници ќе постапува судијата **ВУЛНЕТ ВИНЦА.**

## - О С Т А В И Н С К И   О Д Д Е Л

Предметите на нотарите како повереници на судот ќе се доделуваат рамномерно според азбучен редослед на презимињата на нотарите и тоа :

1.Горичан Станка

2.Дескоска Гордана

3.Иваноска Момана

4.Кузманоски Васил

5.Кузманоски Никола

6. Ристески Мирче

7. Едмонд Шазимани

Во уписникот по оставинските предмети ( О,О1 и ОНД) ќе постапуваат судиите **СНЕЖАНА ЈАНЕВСКА и ВУЛНЕТ ВИНЦА.**

## - В О Н П А Р Н И Ч Е Н   О Д Д Е Л

Во уписникот за вонпарничните предмети (ВПП) ќе постапуваат судиите:**СНЕЖАНА ЈАНЕВСКА,ВУЛНЕТ ВИНЦА и ВЛАДО КРЛЕСКИ.**

Во уписникот за вонпарнични предмети (по предлози за физичка делба-ВПП1)ќе постапуваат судиите:**ВУЛНЕТ ВИНЦА и СНЕЖАНА ЈАНЕВСКА.**

Во уписникот за вонпарнични предмети (по предлозите за обезбедување на побарување со привремена мерка во случај кога не е поведена парнична или друга судска постапка,спроведување на сите привремени мерки издадени од страна на судиите и во постапките за семејно насилство-ВПП2)ќе постапуваат судиите:**ВЛАДО ДЕЈАНОСКИ,БОГОЈА СТРЕЗОСКИ,ЕФТИМ ПОПЕСКИ,ВУЛНЕТ ВИНЦА и ИРЕНА ТРАЈАНОСКА.**

Во уписникот за вонпарнични предмети (составување и чување на тестаменти,заверка на договори и одземање на деловна способност-РВПП,ЗАВ и ОДС)ќе постапува судијата:**ВУЛНЕТ ВИНЦА .**

По стечајните предмети ќе постапува судијата: **ВЛАДО КРЛЕСКИ,**а во случај на отсуство поради спреченост или иземање ќе постапува судијата **БЛАШКА РАДИНОСКА.**

Стечаниот совет ќе го сочинуваат судиите:

**ВЛАДО ДЕЈАНОСКИ**-Претседател на советот,

**БЛАШКА РАДИНОСКА** заменик,

Членови

**БОГОЈА СТРЕЗОСКИ**

**ЕФТИМ ПОПЕСКИ**

Заменици-членови

**ВУЛНЕТ ВИНЦА**

**СНЕЖАНА ЈАНЕВСКА**

По потреба во итни случаи и поради спреченост да постапуваат членовите и замениците на стечајниот совет, истиот може да се формира од останатите судии во судот.

Членовите на стечајниот совет нема да постапуваат по предмети во советот доколку веќе постапуваат како стечајни судии.

## О Д Д Е Л З А И З В Р Ш У В А Њ Е

Во извршниот оддел по приговор за незаконитости при извршување – ППНИ ќе постапуваат судиите **БОГОЈА СТРЕЗОСКИ , ВУЛНЕТ ВИНЦА ,ИРЕНА ТРАЈАНОСКА,ЕФТИМ ПОПЕСКИ,ВЛАДО ДЕЈАНОСКИ** , согласно чл.86 ст.4 од Законот за извршување.

Во предметите за противизвршувањето ќе постапуваат судиите **ВУЛНЕТ ВИНЦА и ВЛАДО КРЛЕСКИ.**

Во предметите по барање за одлагање на извршување – согласно чл. 91 ст.3 од Законот за извршување,надлежности согласно истиот закон со ознаки ИАС кои се однесуваат на издавање дозволи за превземање на дејствија во стан на должник како и надлежности согласно член 218 ст.2 од истиот закон,ќе постапува Претседателот на судот,а во негово отсуство ќе постапува неговиот заменик.

## - К Р И В И Ч Е Н О Д Д Е Л

Претседател на кривичниот оддел ќе биде судијата **БИЛЈАНА БЕЛЕВСКА ПРОЈКОСКА,** а нејзин заменик ќе биде судијата **МИЛЧО КЛИШЕСКИ .**

### I

### ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА

Како судија на претходна постапка ке постапува судија **МИЛКА ТАНЕСКА,**а нејзин заменик ќе биде судијата **МИЛЧО КЛИШЕСКИ** *.*

По предметите за кои треба да се постапува во работно време ќе постапува судијата **МИЛКА ТАНЕСКА,**а во нејзино отсуство или иземање ќе постапува судијата **МИЛЧО КЛИШЕСКИ.**

Дежурни судии во претходна постапка ќе бидат судиите:

**АЛЕКСАНДРА ПОП СТЕФАНИЈА, МИЛКА ТАНЕСКА,БИЛЈАНА БЕЛЕВСКА-ПРОЈКОСКА,БОЈАН МАРТИНОСКИ и ЈАГОДА ТРПЕСКА.**

Надлежен судија поединец кој ќе врши оцена на поднесен обвинителен акт за кривично дело за кое е предвидена казна затвор до 10 години и поднесениот приговор ќе бидат судиите **АЛЕКСАНДРА ПОП СТЕФАНИЈА и ЈАГОДА ТРПЕСКА,**

Советот за оцена на поднесениот обвинителен акт за кривично дело за кое е предвидена казна затвор до 10 години или потешка казна ќе го сочинува судијата за испитување на обвинителниот акт, како претседател на советот и членовите **ВУЛНЕТ ВИНЦА и ВЛАДО КРЛЕСКИ** , односно нивните заменици **ЕФТИМ ПОПЕСКИ и БОГОЈА СТРЕЗОСКИ.**

По посебните истражни мерки (ПИМ) ќе постапува судијата **МИЛЧО КЛИШЕСКИ,** а во негово отсуство судијата **МИЛКА ТАНЕСКА.**

### I I

### ПОСТАПУВАЊЕ ПО КРИВИЧНИ ПОЛНОЛЕТНИ ПРЕДМЕТИ

### И ПОСТАПУВАЊЕ ВО ОДДЕЛОТ ЗА ДЕЦА

Во уписникот за кривичните предмети за полнолетни лица ќе постапуваат судиите: **МИЛЧО КЛИШЕСКИ, БОЈАН МАРТИНОСКИ и БИЛЈАНА БЕЛЕСКА ПРОЈКОВСКА.**

Во одделот за деца ќе постапува судијата **МИЛЧО КЛИШЕСКИ,** за дела поврзани со криминал од деца ,согласно Законот за правда на децата,и ке врши други работи определени со овој Закон , а во случај на негово отсуство ќе постапува судија **БИЛЈАНА БЕЛЕВСКА-ПРОЈКОВСКА.**

Кривичниот совет од чл.25 ст.5 од ЗКО ќе го сочинуваат судиите:

**БИЛЈАНА БЕЛЕВСКА ПРОЈКОСКА**-Претседател на советот

**ЈАГОДА ТРПЕСКА** - заменик

Членови:

**ВУЛНЕТ ВИНЦА**

**ВЛАДО КРЛЕСКИ**

Заменици:

**АЛЕКСАНДРА ПОП СТЕФАНИЈА**

**БОГОЈА СТРЕЗОСКИ**

Во случај на спреченост и за време на годишните одмори советот може да биде составен од присутните судии во Основниот суд Охрид.

По замолниците од кривична материја ќе постапува судијата **МИЛКА ТАНЕСКА.**

## ОДДЕЛ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ

Во уписникот за предмети за извршување на санкции(извршување казна затвор,одземени предмети,забрана за управување моторно возило и наплата на паушал, кривични трошоци и парична казна-КУИКП,ИСАМ,ИОИП,ИКП и ИПРК)ќе постапуваат судиите **БОЈАН МАРТИНОСКИ И БИЛЈАНА БЕЛЕВСКА ПРОЈКОВСКА .**

## П Р Е К Р Ш О Ч Е Н  О Д Д Е Л

Во одделот за прекршоци ќе постапуваат судиите: **ЈАГОДА ТРПЕСКА,АЛЕКСАНДРА ПОП СТЕФАНИЈА и МИЛКА ТАНЕСКА,**која ќе постапува само во постојните предмети претходно примени.

По предметите по кои треба итно да се постапува согласно Законот за прекршоците во работните денови ќе постапуваат судиите:

**ЈАГОДА ТРПЕСКА** - понеделник , вторник и првата и втората среда во месецот .

**АЛЕКСАНДРА ПОП СТЕФАНИЈА** :четврток ,петок и третата и четвртата среда во месецот.

## - ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

Известувањата за медиумите во врска со работата на судот ги дава Претседателот на судот.

Известувањата во врска со конкретни предмети со согласност на претседателот на судот ги дава судијата кој постапува по предметот.

Податоците во известувањата мора да бидат точни, а не се соопштуваат оние податоци што претставуваат класифицирана информација со соодветен степен на тајност согласно закон.

**-ПРИЕМ НА СТРАНКИ**

Претседателот на судот прима странки во понеделник од 10 до 14 часот.

Судиите не примаат странки, освен кога истите се повикани со покани.

**- НАРОДНА ОДБРАНА**

Работите од народната одбрана ќе ги извршува претседателот на судот и судскиот администратор, кој се определува за ракувач на Планот за народна одбрана.

**- ОДРЖУВАЊЕ НА РЕДОТ И БЕЗБЕДНОСТА НА СУДСКАТА ЗГРАДА**

За одржување на редот и безбедноста на судската зграда ќе води грижа судската полиција, согласно распоредот за дежурство.

Судската полиција е должна да ги упатува странките до соодветното место според поканите што ќе ги презентираат, а ќе се грижат за редот и мирот и во судниците и ќе ги почитуваат одлуките донесени од Претседателот на судот.

Распоредот за работа за 2021 година, ќе се применува од **04.01.2021 год**., а може да биде изменет во зависност од потребите.

**ОСНОВЕН СУД - ОХРИД**

**Претседател**

**Васил Батkоски, с.р.**

Д-на: сите судии при ОС Охрид , судскиот информатичар , судските оддели при ОС Охрид , судскиот администратор и Су- уписник.